РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3642/5
15.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.8.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски.

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 11:05 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување Предлог-записник од осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.8.2025 година.
2. Предлог-одлука за одложување на носењето одлука за објавување јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Одржување и сервисирање лифтови и платформа.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради технички причини едногласно го одложи усвојувањето на Записникот од осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.8.2025 година.

**Точка 2**

Господин Стефановски, во врска со предлог-одлуката за одложување на донесувањето одлука за објавување јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, информираше дека, согласно предлогот на Секторот за правни работи, прифатил оваа точка да биде вклучена во дневниот ред на денешната седница.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се одложува носењето одлука за објавување јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, односно до конституирањето на Советот на општините и Град Скопје.

Одлуката за објавување јавен конкурс за избор на директор и заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се донесе во рок од 15 дена од денот на завршувањето на изборите за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, односно до конституирањето на Советот на општините и Град Скопје.

**Точка 3**

Господин Трајчевски го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Одржување и сервисирање лифтови и платформа. Тој појасни дека станува збор за стандардна, но исклучително значајна јавна набавка од аспект на безбедноста на вработените. Набавката ќе се спроведува заеднички со Министерството за спорт, при што трошоците ќе бидат поделени во соодност 35 % на товар на Министерството и 65 % на товар на Агенцијата.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, г-ѓа Цветанка Митревска, информира дека оваа јавна набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година, а средствата се обезбедени согласно Финансискиот план. Договорот што ќе произлезе од спроведената постапка ќе биде склучен на период од две години. Постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка и ќе почне со објава на огласот преку Електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија". Г-ѓа Митревска додаде дека сите дополнителни информации во врска со набавката се содржани во доставените материјали по оваа точка од дневниот ред.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: Одржување и сервисирање лифтови и платформа.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Одржување и сервисирање лифтови и платформа за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-3061/1 од 21.07.2025 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под точката „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**